2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24–5648/1
9 јули 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**4393.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА**

1. Енвер Усеинов се разрешува од должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24–5649/1
9 јули 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**4394.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА**

1. За директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука, се именува Муедин Кахвеџи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24–5650/1
9 јули 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**4395.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија" („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 септември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје се именува м-р Тони Трајанов, досегашен директор на ова јавно претпријатие.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија ."

Бр. 24-8081/1
23 септември 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**4396.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија " бр. 2/2006, 57/2010, 170/2013 и 43/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 септември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

1. За вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, се именува Лидија Гаврилоска, досегашен в.д. директор на Управата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-8082/1
23 септември 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**4397.**

Врз основа на член 47, став (1) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за транспорт и врски донесе

**М Е Т О Д О Л О Г И Ј А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Член 1

Во Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/12, 17/13 и 21/13), во членот 18 ставот 2 се менува и гласи:

„Кога се врши процена на градежни објекти кои се во сопственост на Република Македонија изградени на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, при утврдувањето на пазарната вредност не се пресметува макролокација само за објектите кои се користат како административно деловен простор на органите на државната управа.“

Член 2

Во членот 19 процентот „30%“ се заменува со процентот „50%“.

Член 3

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-13473/1-2014
24 септември 2014 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

**4398.**

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РАМКАТА НА ОПШТИ РАБОТНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува рамката на општи работни компетенции за административни.

Член 2

Рамката на општи работни компетенции (во натамошниот текст: Рамката) претставува групирање на општите компетенции на единствен и интегриран начин, со цел да се овозможи подобрување на постапките за селекција и вработување, унапредување, оценување на ефектот од работењето, како и стручното усовршување на административните службеници.

Член 3

(1) Рамката содржи девет општи работни компетенции и тоа:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

(2) Секоја компетенција во Рамката е опишана со назив, дефиниција, нивоа (основно, средно и напредно) и индикатори за секое ниво.

Член 4

(1) Видот и нивото на општата работна компетенција која е пропишана за работното место зависи од категоријата на која и припаѓа работното место.

(2) За работните места од Категорија Б се применуваат сите девет општи работни компетенции од Рамката, и тоа на напредно ниво.

(3) За работните места од Категорија В се применуваат осум општи работни компетенции од Рамката, на средно ниво и тоа:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

(4) За работните места од Категорија Г се применуваат шест општи работни компетенции од Рамката, на основно ниво и тоа:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

(5) Општите работни компетенции, со нивоа и индикатори се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14).

Бр. 14/2-2766/7
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.